**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

## за VI одделение

**Скопје, 2023 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Англиски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VI (шесто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ● ***Мојот мал свет: семејство, дом, пријатели***<br>● ***Мојот надворешен свет: училиште, непосредна околина, интереси, слободни активности***<br>● ***Наша населба, наш град/наше село, наш свет***<br>● ***Наша планета, наше здравје, наша иднина*** |
| **Број на часови** | 3 часа неделно / 108 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ● Компјутер (таблет), печатач, проектор, табла(интерактивна табла), постер.<br>● Фотографии, слики, предмети, флеш карти, стикери.<br>● Материјал за изработка на картички/а, честитки/а, хартија(во боја), хамер, ножици, лепак, блокови, пластелини, дрвени боички, фломастери. |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност (со звање професор по англиски јазик и книжевност), VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени четиригодишни студии на студиската програма македонски и англиски јазик (со стекнат стручен назив професор по македонски и англиски јазик), VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени двопредметни студии по англиски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | - завршени студии по англиски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Користење други јазици*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-А.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-А.3 | да прочита и разбере едноставни текстови од различни видови, на позната и помалку позната тематика, соодветни на возраста; |
| II-А.5 | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |
| II-А.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-А.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| II-А.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила; |
| II-А.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комуникација со припадници на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјата ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Општество и демократска култура, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура*** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VII-A.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/нea и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни  култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***МОЈОТ МАЛ СВЕТ:  СЕМЕЈСТВО, ДОМ, ПРИЈАТЕЛИ***

Вкупно часови: **27**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. зборува за вообичаени дејства и дневни рутини поврзувајќи низа едноставни реченици во мисловна целина;
2. опишува физички и карактерни особини на луѓе користејќи описни придавки, сложени именки, присвојни именки, показни заменки;
3. чита и разбира едноставни агенди, распореди, куси дијалози и пасуси на најнепосредни теми поврзани со семејството и пријателите;
4. пишува кус пасус за да опише карактер и физички изглед на личност.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br><br>● опишување луѓе (физички и карактерни особини)<br>● искажување вообичаени дејства и опишување дневни рутини<br>● давање куси информации и известувања поврзани со себеси и околината | ● Препознава (слухово и текстуално) прашања за физички опис, како и опис на карактер и составува соодветен одговор во *Present Simple Tense.*<br>● Составува потврдни и одречни реченици во *Present Simple Tense* и ги поврзува во низа за да опише луѓе и дневни рутини.<br>● Користи прилози за зачестеност при опис на дневни рутини.<br>● Иницира и учествува во дијалог за да размени куси информации и известувања поврзани со себеси и околината.<br>● Составува кус дијалог употребувајќи прашални реченици за сите лица во еднина и множина во *Present Simple Tense* според даден модел. |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br><br>● колокации/ изрази и фрази за искажување на вообичаени дејства и опишување дневни рутини: *have a shower/bath, have breakfast; take a bus, get ready, dress up as, brush teeth, comb hair, wash hands, have lunch, have a break, watch TV, take a shower*<br>● простории и предмети во околината: *bedroom, bed, dining room, loo*<br>● професии: *computer scientist, professional player*<br>● описни придавки и фрази за (физички изглед/карактеристики на личности): *clever, dark, different, famous, fat/overweight/plump/, slim, funny, great, same, smart, short, tall, old, young, friendly, nice, honest, kind, cruel, athletic, dangerous, beard, moustache, straight/curly/wavy/frizzy hair, long dark hair/short fair hair*<br>● изрази и модели за културно и учтиво однесување во секојдневна комуникација:<br>*How are you?*<br>*I'm fine, thanks/Fine/All right.*<br>*Never mind/Oh dear.*<br>*What about you?*<br>*I'm fine, too.*<br>*Thanks/Thank you/Thank you very much.* | ● Препознава колокации/фрази за опис на секојдневни рутини.<br>● Дава примери од лично искуство користејќи одреден број зачестени фрази/колокации за искажување вообичаени дејства и дневни рутини.<br>● Користи одреден број едноставни лексички единици за да го опише просторот/својата непосредна околина.<br>● Препознава и користи одреден број сложени именки (составени од два збора) и често употребувани колокации за опис на професии.<br>● Повторува слушната фраза за опис на луѓе.<br>● Одговара на поставени прашања и прави разлика помеѓу физички и карактерни особини користејќи соодветни придавки за опис на луѓе.<br>● Препознава и разликува значење на описни придавки со коишто се опишува нечиј физички изглед.<br>● Репродуцира одреден број секојдневни фрази за учтиво однесување во непосредна комуникација. |
| в) Граматички структури:<br>● показни заменки *(this, that, these, those)* пред глаголот TO BE и пред именки<br>● присвојност кај именките во еднина и множина *(Possessive 's)*<br>● прашални конструкции со *how+adjective (how big/how tall/ how nice is something/someone)*<br>● прилози *(too, best, early, only, about)*<br>● колокации: прилог + придавка *(too difficult, too* | ● Разликува показни заменки за посочување блиски и оддалечени предмети/луѓе во еднина и множина и соодветно ги применува во устен и писмен дискурс.<br>● Препознава присвојност кај именките и користи соодветен правописен знак (апостроф) при пишување на овие именки.<br>● Составува и одговара прашања со прашална конструкција *how + adjective* за да добие/даде информација за степен, интензитет, количество, возраст и други димензии. |

| | |
|---|---|
| *bad, too lazy*)<br>● прилози за зачестеност *(always/ usually/ often/ sometimes/ rarely/ never)*<br>● правилен зборoред во структурата на потврдни, одречни и прашални реченици (подмет, глагол, предмет и местоположба на прилози во реченица)<br>● потврдни, одречни и прашални реченици за сите лица во еднина и множина во *Present Simple Tense*- форма и употреба (за искажување вообичаени дејства, опишување дневни рутини и искажување идност во едноставни агенди и распореди како возен ред, филмски и театарски репертоар и сл.)<br>● прашални конструкции со *What + like* (*What does he look like*? *What is she like?*) | ● Користи колокации од прилог и придавка (*too + adjective*) во усна и писмена комуникација за да изрази негативно чувство за дадена ситуација.<br>● Разликува значење на различни прилози за зачестеност и соодветно ги применува во писмен/устен контекст.<br>● Конструира реченици во *Present Simple* користејќи соодветен прилог за зачестеност на правилна позиција во реченицата.<br>● Составува граматички правилни потврдни, одречни и прашални реченици за сите лица во еднина и множина во *Present Simple Tense.*<br>● Препознава и користи реченици во *Present Simple Tense* во едноставни агенди и распореди со коишто се искажува идност.<br>● Разликува употреба на *Present Simple Tense* за опишување дневни рутини и искажување идност во едноставни агенди и распореди.<br>● Прави разлика помеѓу прашални конструкции за физички опис и опис на карактер, и соодветно одговара на прашања со конструкција *What + like.* |
| г) Содржини за дискусија:<br>● Родови стереотипи;<br>● Недискриминација, инклузија, емпатија и солидарност. | ● Препознава родови стереотипи во куса медиумска содржина.<br>● Наведува примери на родова поделба на бои, професии и игри и ги поврзува со родови стереотипи.<br>● Објаснува, преку примери, што значи недискриминација, инклузија, емпатија и солидарност. |

**Примери на активности:**

- *Brainstorming ideas.* Учениците ги набројуваат физичките карактеристики на познати личности (спортисти, пејачи) прикажани на постер. (На пример: *short fair hair, blue eyes*.)
- Учениците ги применуваат дадените изрази/фрази/колокации за да опишат една личност од постерите. На пример: *Ronaldo's hair is short and dark.*
- *Matching activities.* Учениците ги препознаваат, идентификуваат и именуваат дневните рутини прикажани преку дадени илустрации на наставен лист. (На пример: *wake up/ go to bed/ drink milk.)*
- *Daily routines.* Со примена на усвоените фрази, учениците ги искажуваат вообичаени дејства и ги опишуваат своите дневни рутини. (На пример: *I get up at 8 o'clock. I sometimes take a shower in the morning.)*
- *Gap-filling task*. Учениците дополнуваат зборови во едноставни фрази во куси известувања поврзани со секојдневни ситуации/ настани и случувања. (На пример: *Flight 36 to Vienna _____________ at 5.00 p.m. Please ______ at Gate 2.)*

- *Unscramble the scrambled letters.* Учениците составуваат зборови кои означуваат предмети и простории во околината од дадени букви по измешан редослед. (На пример: *dining room = inndig oomr*.)
- Учениците соодветно одговараат на поставени прашања за опис на физички изглед и карактер. (На пример: *What does your friend look like*? *- She is tall and slim. / What is your friend like? - She is kind and honest*.)
- *Choose the right pronoun.* Учениците ги пополнуваат речениците со соодветната показна заменка *(this/that/these/those)*. (На пример: *I'm really busy_______ morning. ________ cake you made last week was delicious. Let me introduce you. Sue, _________ is Tom.)*
- Учениците пишуваат одговори на дадени прашања составени од прашалните конструкции *how + adjective* поврзани со прочитан или слушнат текст. (На пример: *How wide is the football pitch? How high is Burj Khalifa, the world's tallest building?)*
- *Crossword puzzle.* На однапред подготвен наставен лист, учениците решаваат крстозбор поврзан со професии. (На пример*: a person who professionally plays soccer = a footballer.)*
- *Guessing the profession*. Учениците поставуваат прашања во *Present Simple Tense* кои се однесуваат на карактеристиките на дадена професија за да го одгатнат бараниот термин. (На пример: *Does she/he work in a hospital? Does she/he wear a uniform?)*
- *Role play.* Учениците учествуваат во кус дијалог користејќи изрази и модели за културно однесување во секојдневната комуникација за искажување на идни настани и активности во едноставни агенди и распореди. (На пример: *Hi! How are you? - I'm fine, thanks. -What time does the bus arrive? - It arrives at 6.30.)*

- Примери за читање со разбирање и/или зборување:

  *My aunt Joan's short and slender. She has brown hair and greenish eyes. She is very clever and she is up to her ears in chores, working day and night. She looks after her family and she takes care of my two younger cousins. She doesn't like sports but she is really good at creating handmade jewellery.*

  *My uncle Bill's tall and athletic. He has black wavy hair and a thick beard. He's muscular and strong as a bull. He is a professional volleyball player. Uncle Bill doesn't own a car; he goes to work by motorbike. He also has a huge garage where he fixes and repairs motorbikes.*

  *I have many great friends but Kelly is my best friend in the whole world. She's so beautiful and has got a fair, bob haircut and light blue eyes. Sometimes she is full of energy but other times she is as slow as a snail. But I love her because she is very funny and intelligent, and also a really cool person. She doesn't like sports but he loves Computer science. Kelly's favourite hobby is taking photos of her cats.*

  *My new neighbour is a very nice and friendly person. He is a professional handball player. He is really tall and athletic. He lives next door in a beautiful, sunny apartment. It has three bedrooms, a bright dining room, a modern kitchen, and two bathrooms. The apartment has a*

*huge balcony with a wonderful view of the park. He usually takes his lunch or has an afternoon coffee over there. He is an animal lover too. He has a dog, a pet hamster, and a big aquarium with tiny turtles. His dog's name is Jackson.*

*My cousin Albert usually wakes up around 6 o'clock. He dresses and then goes jogging in the nearby park. At 7 o'clock, he is back home and has a shower. Then he gets ready for school and eats his breakfast. He always starts his day with a big meal: a bowl of cereal with a glass of milk and fried eggs and bacon. Sometimes, he has a peanut butter and jelly sandwich, or a big chocolate chip scone. He never takes the school bus. He rides to school on his electric scooter.*

*A: What is she like?*
*B: She's a very nice person. Really friendly and talkative.*

*A: What does he look like?*
*B: He is very tall. He can be a basketball player but he is too lazy.*
*A: Too bad.*

*How old are you? How tall is Andrew?*

*I have three sisters. We live in a tiny house in the suburbs. Alice has twin brothers. Tom doesn't have a beard. We don't go to school by bus. That's Kelly's electric scooter. This is my grandparents' house. There is a tiny garden in the backyard. My grandfather's hobby is gardening. And these are his plants and flowers.*

*A: Do you like this song?*
*B: No, I don't.*
*A: Which of these songs do you like best?*

*How big is your hometown?*
*It's quite big. There are about 100,000 people.*

- *Getting out of the cliché*. Учениците гледаат краток видео запис кој ја развива нивната свесност за надминување на родови стереотипи презентирани во непосредната околина; развиваат дискусија и носат заклучоци на темата. (На пример: *Girls and women are generally expected to dress in typically feminine ways and be polite, accommodating, and nurturing. Men are generally*

*expected to be strong, aggressive, and bold. Every society, ethnic group, and culture has gender role expectations, but they can be very different from group to group. Do you agree with this? If yes, why? / If no, why not?)*

- *Fellowship and fellow feelings.* Учениците го искажуваат својот став како би помогнале/би се однесувале во следниве ситуации /дијалози со кои се поттикнува размислување за недискриминација, инклузија, емпатија и солидарност. (На пример: *One of your friends is blind. Can you play the game "touch something red/blue",* по што учениците заклучуваат дека станува збор за дискриминирачка активност и се обидуваат истата да ја направат поинклузивна.)

  *Jason sighs and looks across the classroom. It's May, and the bells for the lunch break will be on any minute now. The weather is warm and sunny, and he has plans for playtime with his classmates. He looks around. Fatima's sitting next to him. She's good at singing. Allan is in front of him. His best thing is painting. He is making a portrait of his pet fish, Goldie. 'There's Colin,' he thinks. 'Colin's the town's chess champion. Nobody at school can beat Colin at chess.' He moves his thoughts around the classroom. All his classmates are great, talented and amazing in different ways. Huang's good at horse riding, and Jordan's brilliant at languages. He can speak Chinese, English, German, and French. He wants to be a translator when he grows up.*

  *'It's strange,' thinks Jason. 'We're all very different but we're all friends. And we've all got 'some best thing.' Then he looks at his teacher, Ms. Parker, and thinks, 'She's very patient and nice. She's the best teacher ever!'*

  *They hear the school bell. It's playtime! A few minutes later Ms. Parker is looking out of the window, into the playground. She smiles to herself. Huang and Fatima are sharing an orange. The wheels on Fatima's wheelchair are shining in the sun. Jordan and Dora are sitting together on a bench. Dora is helping him to fold his white cane. Colin is having a conversation with Mr. Domingo, the school caretaker. He's moving his hands quickly to make the words. He is using sign language. "They are such great kids," she thinks while she sips her coffee.*

Тема: ***МОЈОТ НАДВОРЕШЕН СВЕТ: УЧИЛИШТЕ, НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА, ИНТЕРЕСИ, СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ***
Вкупно часови: **27**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. зборува за лични интереси, слободни активности, хоби и идни планови поврзувајќи низа едноставни реченици во мисловна целина;
2. искажува лични ставови, рутини, факти, навики формулирајќи едноставни реченици кои содржат сложени именки, зачестени колокации, скаменети фрази, прилози и прилошки определби;
3. чита и разбира куси дијалози/пасуси на најнепосредни теми поврзани со секојдневни активности, повторливи дејства и стекнати способности;
4. пишува кус пасус за да опише одредена активност користејќи реченици кои содржат основни сврзници.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>● искажување на лични интереси и прикажување на интересите на околината<br>● опишување активности кои се случуваат во моментот на зборување<br>● опишување на активности за искажување факти/рутини/навики/секојдневни активности<br>● искажување планови за иднина и идни договорени активности/дејства<br>● искажување лични ставови/ чувства / (не)допаѓање | ● Препознава (слухово и текстуално) искази кои се однесуваат на одредени слободни активности.<br>● Одговара на едноставни прашања поврзани со прочитан текст со илустрации поврзан со лични интереси и интересите на околината.<br>● Поврзува неколку едноставни реченици во низа за да ги искаже личните интереси и/или да ги искаже интересите на другите.<br>● Прави разлика помеѓу рутина/навика и нешто што се случува во моментот на зборување во слушнат или прочитан исказ/дијалог/ кус пасус.<br>● Отпочнува/води кус дијалог со помош на соговорникот и/или наставникот поврзан со активности во слободно време.<br>● Препознава факти во слушнат и/или прочитан кус пасус.<br>● Конструира (усно и писмено) едноставни реченици во *Present Continuous Tense* за да искаже планови за иднина и идни договорени активности/дејства.<br>● Конструира (усно и писмено) едноставни реченици во *Present Simple Tense* за да искаже сопствен став/чувство. |
| б) Лексички единици:<br>● изрази и фрази за искажување активности во слободното време: *concert tickets, video games, comic books, laugh, read a blog, read a magazine, take a picture/photo, post a comment*<br>● изрази за искажување лични интереси/хобија: *collection, collector, gaming, youtuber, gamer*<br>● фрази за искажување (не)заинтересираност за одредена активност/лице: *interested in, good at, bad at, fond of, fed up*<br>● фрази за искажување на секојдневни активности и стекнати способности: *go shopping, play an instrument, play chess* | ● Препознава определен број сложени именки и зачестени колокации со кои се искажуваат интереси, хоби и други слободни активности.<br>● Поврзува придавки со соодветен предлог за да состави зачестени скаменети фрази со кои се изразува (не)заинтересираност за одредена активност.<br>● Користи определен број зачестени колокации од глагол + именка за да искаже секојдневна активност и/или стекната способност.<br>● Разликува и објаснува значење на определен број сложени именки и зачестени фрази кои се типични за различни средства и форми на комуникација.<br>● Повторува новоусвоени фрази за да состави и/или учествува во кус дијалог во кој се опишуваат повторливи дејства и активности.<br>● Составува неколку реченици во низа користејќи ги новоусвоените сложени именки/фрази за да опише рутина, навика, интерес и/или активност. |

| | |
|---|---|
| ● форми и средства за комуницирање: *sign language, mobile phone, make/receive a phone call, message somebody (text somebody), chat with somebody*<br>● фрази за искажување на повторливи дејства и активности: *go out with friends, organise a party, have a picnic, have breakfast/ brunch/ lunch/ dinner/ snack, laugh at, point a finger at* | |
| в) Граматички структури:<br>● прилози за определено и неопределено време *(sometimes, often, usually, never, every morning /day /week /month, now, at the moment, tomorrow, tonight, this afternoon/week/weekend, on Sunday/Monday/Friday)*<br>● предлози за време составени од два или повеќе зборови *(at/on the weekends, at night, at Easter, at lunchtime, on Tuesday night, on time, on a winter evening)*<br>● описни придавки за лица и предмети *(interesting/interested, boring/bored, exciting/excited, amazing/amazed)*<br>● прости сврзници составени од еден збор *(and, but, or, then)*<br>● глаголски форми во *Present Continuous Tense* за активности во моментот на зборување (потврдни, одречни и прашални реченици за сите лица во еднина и множина) | ● Разликува значење на голем број прилози и прилошки определби за време во реченици во *Present Simple Tense* и *Present Continuous Tense*.<br>● Составува реченици во *Present Simple Tense* и *Present Continuous Tense* употребувајќи сложени прилошки определби за време.<br>● Толкува значење и контрастира реченици со активна и пасивна форма на определен број зачестени придавки изведени од ист корен на зборот.<br>● Разликува значење на основни линеарни сврзници.<br>● Поврзува зборови и зборовни групи со употреба на дадени сврзници.<br>● Правилно и соодветно употребува дадени сврзници за да состави сложени реченици кои изразуваат спротивност и последователност.<br>● Препознава куси и долги глаголски форми за сите лица во еднина и множина во *Present Continuous Tense* и соодветно ги применува во реченица.<br>● Одговара на прашања со прашален збор „Дали “*(yes/no questions)* за сите лица во еднина и множина употребувајќи соодветен помошен глагол за *Present Continuous Tense*.<br>● Препознава употреба на глаголски форми во *Present Continuous Tense* со идно значење во потврдни, одречни и прашални реченици за сите лица во еднина и множина.<br>● Искажува идност користејќи глаголски форми во *Present Continuous Tense*;<br>● Контрастира глаголски форми во *Present Simple Tense* и *Present Continuous Tense*.<br>● Разликува употреба на *Present Simple Tense* и *Present Continuous Tense*. |

| | |
|---|---|
| ● глаголски форми во *Present Continuous Tense* со идно значење (потврдни, одречни и прашални реченици за сите лица во еднина и множина)<br>● контрастирање сегашни времиња *(Present Simple Tense and Present Continuous Tense)*<br>● фрази со глаголски именки за искажување чувства/ставови *(like/ hate/ can't stand/ mind/ love/ enjoy/ don't mind/ dislike + verb + (-ing)*<br>● прашални конструкции со *What + like + verb + (-ing) (What does she like doing?)* | ● Препознава и набројува одреден број често употребувани глаголи кои се користат со глаголски именки.<br>● Прашува и одговара (писмено и усно) на отворени прашања за омилени активности правилно користејќи конструкција од глагол + глаголска придавка. |
| г) Содржини за дискусија:<br>● Меѓународниот ден на учителот (*International Teacher's day is celebrated on October 5*);<br>● Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби *(The International Day of Persons with Disabilities is celebrated on December 3);*<br>● Факти и мислења. | ● Го наведува датумот на кој се одбележува Меѓународниот ден на учителот и причината зошто се одбележува тој ден.<br>● Ги наведува датумот на кој се одбележува Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби и причината зошто се одбележува тој ден.<br>● Повторува однапред дадени фрази за важноста на инклузивното образование.<br>● Препознава зборови/фрази за искажување мислење.<br>● Прави разлика меѓу реченици кои искажуваат мислење и реченици кои искажуваат факти. |

**Примери на активности:**

- *I love/hate/can't stand doing activities*. Учениците ги искажуваат своите лични ставови/ чувства / (не)допаѓање поврзани со активности во слободното време и истите ги впишуваат во табела со +/-. (На пример: *I love playing Fortnite./ I can't stand dancing.)*
- *Picture/sentence activity.* Активности прикажани на постер/илустрација од деца во училница, учениците ги запишуваат во форма на потврдни и одречни реченици реченици во *Present Continuous Tense* за сите лица во еднина и множина. (На пример: *The boy is taking a photo. The girls are not reading a blog.)*
- *Correct ordering of scrambled words.* Од зборовите дадени по измешан зборотед, учениците составуваат реченици со примена на фрази за заинтересираност за одредена активност/лице. (На пример: *reading /interested / in/ My / sister/ books/is = My sister is interested in reading books.)*

- *Visual daily routines.* Учениците составуваат неколку реченици во низа за редоследно да опишат секојдневни активности и способности по прикажани илустрации. (На пример: *In the morning, Tom goes shopping. Then, he plays the piano or he plays tennis with his friends.)*
- *Repeated actions linked with suitable adverbs.* На поставените прашања поврзани со фрази за искажување на повторливи дејства и активности (*How often do you go out with your friends? / How often do you have a picnic?*) учениците одговараат применувајќи ги прилозите за определено и неопределено време/зачестеност и усвоените фрази за искажување на повторливи дејства и активности. (На пример: *I go out with my friends every Sunday. / I often go out with my friends.*)
- *Descriptive adjectives for people/things*. Учениците соодветно ги вметнуваат во реченица усвоените описни придавки за лица и предмети во вежба прикажана на интерактивна табла. (На пример: *The speech was ridiculously long. Everybody was ________ to tears. The speech was_____. (bored/boring).)*
- *Dialogue (for planned activities/ actions).* Редоследно подредувајќи ги дадените реченици, учениците составуваат кус дијалог со кој се искажуваат идни договорени планови/дејства/активности. (На пример: - *Hi! What are you doing this weekend?* - *This weekend, I am having a picnic with my cousins from Germany.)*
- *Yes/No questions.* Учениците читаат текст кој содржи реченици во *Present Simple Tense* и *Present Continuous Tense*, а потоа наставникот посочува неколку реченици од прочитаниот текст за кој учениците треба да поставаат прашања со прашалниот збор „Дали“ (*yes/no questions*) за сите лица во еднина и множина со примена на соодветен помошен глагол во *Present Simple Tense* и *Present Continuous Tense*. (На пример: *Tim and Ana always spend their holiday at the seaside. / Do Tim and Ana always spend their holiday at the seaside?)*
- *Finish the sentence.* Учениците ја дополнуваат /завршуваат започнатата реченица со искази поврзани со своите секојдневни активности/рутини/навики со примена на предлозите за време составени од неколку зборови. (На пример: *On the weekends, I often chat with my friends.)*
- *Guess the tense.* Учениците ги дополнуваат празните места во даден текст со дадени глаголи во заграда во соодветна форма во *Present Simple Tense* и *Present Continuous Tense*. (На пример: *Tim always _____ (go) to work by bus, but today he ______ (go) on foot.)*
- *Name the hobby.* Учениците ги запишуваат соодветните термини во своите таблети/мобилни телефони во апликација (игра), гледајќи ги прикажаните илустрации поврзани со лични интереси/хобија на интерактивната бела табла. (На пример: *a youtuber/a gamer.)*
- *Voicethread.* По слушаната аудио снимка, учениците снимаат свој аудио запис и одговараат на прашањето *What do you like doing in your free time?* искажувајќи ги своите интереси поврзани со омилените активности во слободно време. (На пример: *I like playing PC games./ I like watching youtube.)*
- *Make the link.* Поделени во парови, учениците составуваат реченици од реченични делови распоредени во две колони. Притоа, за секој дел од реченицата напишан во левата колона наоѓаат соодветен дел напишан во десната колона и ги применуваат сврзниците *(and, but, or, then)* за да напишат логична реченица. Учениците ги читаат одговорите за да ја утврдуваат нивната точност. (На пример: *My little brother loves collecting and playing video games.)*
- Примери за читање со разбирање и/или зборување:

*I love playing volleyball. I don't like martial arts. I don't mind listening to music. He hates cleaning his room. She can't stand eating peas. I enjoy going to the mall. I like dancing but I am not very good at it.*

*I have a new sticker for my album collection. I love mountain climbing in summer. I live in Skopje. We always get up at 5 o'clock. He usually flies home for Christmas every year. I walk my dog every morning before I go to school. We are flying to Paris this weekend.*

*A: I'm going to the cinema tonight. Are you coming with me or are you staying at home again?*
*B: Sorry, I can't come. I really want to, but I have a lot of homework for tomorrow. But I am coming with you next time, definitely. It's a promise.*

*I am chatting on WhatsApp with my sister at the moment. Don't interrupt me.*
*She is a very successful cooking blogger. Right now, she is filming a tutorial on how to cook dinner in just 20 minutes!*

*Baxter is meeting his mother for lunch.*
*It's my dad's 40th birthday tomorrow. We are throwing him a big birthday party. It's going to be a surprise. Don't say a word about it!*

*I don't think you should cut your hair. It looks really good on you now.*
*I don't like your attitude!*
*Wow, I love your new sweater! So chic!*
*That is not a nice thing to say to a friend. I am really disappointed in you. I feel like I don't know you anymore.*

- *International teacher's day cards.* Со цел да се заблагодарат на своите наставници за знаењето кое го стекнале и за да го одбележат Интернационалниот ден на учителот, учениците изработуваат картички. На пример: *I am so grateful you are my teacher. You give me the energy to dream big. You help me see that I can be more.*
- *We are all special*. Со примена на ИКТ истражување, учениците изработуваат постер со куси пораки за поддршка на лицата со посебни потреби и потребата од инклузивно образование. (На пример:
*"If they can't learn the way we teach, we teach the way they learn!"- Dr. O Ivaar Lovaas*

*Rami is a shy boy. He doesn't like outdoor sports or video games. Boys and girls often tease him at school. One day, he gets the idea to knit a shawl for his dad's birthday! He is full of enthusiasm, even though the other children think it is girly to knit.*
*Soon, something important happens. The day of the school show draws near. All the kids are excited. It is a school pageant, with a prince and princess and a grand ball. There is one big problem - there is no costume for the prince. The prince of the school pageant is so sad. And that's when Rami has his brilliant idea. He is going to knit a cape for the prince! On the day of the pageant, Rami's cape is ready. It looks beautiful, and Rami is now the star of the show, not the prince!)*

- *Underline the words:* Учениците во понудени реченици ги подвлекуваат зборовите/фразите со кои се искажува мислење, а не факт. (На пример: *She has a big black cat. – fact:* ***I belive/I think*** *she loves animals. – opinion)*
- *Fact vs. Opinion.* Учениците ги препознаваат и правилно ги распределуваат во табела фактите и мислењата презентирани во дадена видео содржина. (На пример: *In this video today we are going to explore different examples of facts and opinions. - That is a* ***fact.*** *You are going to love it. - That is an* ***opinion****.)*

**Тема:** ***НАША НАСЕЛБА, НАШ ГРАД/НАШЕ СЕЛО, НАШ СВЕТ***

Вкупно часови: **27**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. води разговор за да даде/добие податоци поврзани со местото на живеење и околината;
2. споредува лица, предмети, места, настани, случувања користејќи форми за компаратив од еднословни, двосложни и повеќесложни описни придавки;
3. чита и разбира куси пасуси во кои се искажуваат идни намери и планови;
4. пишува кус пасус за да опише одредено населено место.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br><br>● поставување прашања поврзани со местото на живеење (населба, село, град, свет) со цел да се добијат/дадат бараните информации<br>● опишување на значајни места и објекти во местото на живеење и давање насоки за движење во пошироката околина<br>● искажување способност, умешност, поседување на одредени вештини или недостаток на истите<br>● искажување факти и мислења поврзани со географските поими<br>● споредување | ● Составува едноставни прашања во *Present Simple Tense* за да добие информации поврзани со местото на живеење.<br>● Препознава основни изрази за давање насоки, како и предлози за време и место.<br>● Води и учествува во кус дијалог во продавница / автобуска станица / кино / театар со помош на соговорникот и наставникот.<br>● Искажува способност, умешност, поседување на одредени вештини или недостаток на истите во сегашно и минато време користејќи ги модалните глаголи *can/can't/could/couldn't*.<br>● Поврзува неколку реченици во низа за да опише одредено место користејќи усвоени лексички единици.<br>● Искажува лично мислење за одредено место користејќи суперлативна форма на повеќесложни придавки.<br>● Користи компаративна форма на повеќесложени придавки за да спореди предмети/лица/места/настани/случувања. |

| | |
|---|---|
| предмети/лица/места/настани/случувања<br>● искажување идни намери/ планови<br>● учтиво изразување понуда / барање / желба | ● Искажува намери/планови со примена на глаголските форми за идно време *(be going to)* за сите лица во еднина и множина.<br>● Разликува учтива од неучтива форма за изразување барање/ желба/ понуда. |
| б) Лексички единици:<br>● средства за општење и комуницирање: *address, phone number, email, website, blog, e - magazine, tutorial*<br>● фрази поврзани со форми за комуникација: *conversation, opinion, answer a question, ask a question*<br>● средства за транспорт: *road, underground/tube, traffic, traffic light, aeroplane*<br>● места и објекти: *cinema, museum, factory, hospital, swimming pool, airport, railway station*<br>● описни придавки за опис на пошироката околина: *interesting, amazing, clean, dirty, friendly, nice, opposite, different, difficult, easy, cheap, expensive*<br>● географски поими: *lake, river, sea, ocean, volcano, village, city, country, hill, mountain*<br>● поими и фрази поврзани со патување: *capital city, famous sites, famous shops, shopping malls, famous museums, tourist, trip* | ● Набројува различни средства за комуникација и транспорт.<br>● Препознава, употребува и правилно пишува одреден број лексички единици кои означуваат географски поими, значајни места и објекти.<br>● Користи усвоени описни придавки во едноставни реченици за да ја опише пошироката околина.<br>● Учествува во кус дијалог користејќи зачестени лексички единици поврзани со патување. |
| в) Граматички структури:<br>● бројни именки *(lake - lakes, mountain - mountains, volcano - volcanoes)* | ● Прави разлика помеѓу бројни и небројни именки и користи соодветен член.<br>● Составува (усно и писмено) потврдни, одречни и прашални реченици со модалните глаголи *can* и *could* за да праша или искаже способност, умешност, поседување на одредени вештини или недостаток на истите.<br>● Контрастира употреба на модалните глаголи *can* и *could* во сегашно и |

| | |
|---|---|
| ● небројни именки *(bread, butter, nature, money, time, salt, rice, homework, pollution, information, news, shopping, wildlife, music, work)*<br>● модални глаголи за искажување способност, умешност, поседување на одредени вештини или недостаток на истите *(can/can't/ could/couldn't)*<br>● сложена глаголска конструкција *(would like + to infinitive)* - модални глаголи за учтиво изразување *(would/could)*<br>● степенување на придавките (форми за компаратив и суперлатив кај повеќесложните придавки)<br>● предлози за место *(above, next to, in front of, behind, near, opposite of, between)*<br>● глаголски форми за искажување идност *(be going to)* во потврдни, одречни и прашални реченици за сите лица во еднина и множина | минато време во сложени реченици со мината форма од глаголот *TO BE*.<br>● Препознава употреба на модалниот глагол *could* за учтиво изразување.<br>● Поврзува глаголи во сложена глаголска форма *(would like + to infinitive)* за да изрази барање/ желба/ понуда.<br>● Разликува еднослoжни, двосложни и повеќесложни придавки и применува соодветна компаративна и суперлативна форма.<br>● Препознава потврдни, одречни и прашални форми за сите лица во еднина и множина на глаголот *be going to* за изразување идност. |
| г) Содржини за дискусија:<br>● Карактеристики на земји од англиско говорно подрачје (Обединето Кралство, САД, Австралија);<br>● Мас медиуми;<br>● Безбедна комуникација на социјални мрежи и заштита при користење интернет. | ● Наведува некои карактеристики на Обединето Кралство, САД, Австралија.<br>● Го објаснува, преку пример, влијанието на мас медиумите.<br>● Наведува (користејќи усвоени реченични модели) кои се опасностите по безбедноста при комуникацијата на социјалните мрежи и користење на интернет и опишува како може да се заштити од тие опасности. |

**Примери на активности:**

- *Choose or lose.* Поделени во парови/ мали групи, учениците ги пронаоѓаат соодветните термини/зборови/ лексички единици за географските поими *(lake, river, sea, ocean, volcano, village, city, country, hill, mountain)* во *Word Puzzle*. Во оваа игра победуваат тие коишто најбрзо т.е. први ќе ги откријат сите поими.

- *Picturesque.* Учениците го именуваат терминот којшто асоцира со описот/илустрацијата за местото/објектот прикажан на интерактивна табла. (На пример: *a place where you can swim = a swimming pool.)*
- *Describe the place.* Учениците ја посетуваат училишната библиотека и усно ја опишуваат давајќи свое мислење за тоа што недостасува, а би можело да се надополни. (На пример: *It is a big library. I love it. You can add some more reading corners by the windows.)*
- *Inquiry.* Учениците во кус дијалог поставуваат прашања поврзани со местото на живеење (населба, село, град, свет) со цел да се добијат/дадат бараните информации. (На пример: *A: Could you tell me your phone number, please? B: Yes, of course. It's 075 421 741. A: Please, give me your address. B: ul. Ruzveltova no.5)*
- *Direct me.* Со примена на (интерактивна) мапа, учениците даваат насоки на движење од едно до друго место/објект во градот. (На пример: *Go to the post office. Turn left and then stop in front of the supermarket.)*
- *Find and compare.* Преку истражување на интернет за интересни факти поврзани со географските поими, учениците прават споредба помеѓу два и повеќе поими. (На пример: *The Pacific Ocean is the largest and deepest of the World ocean basins. Mauna Kea is taller than Everest.)*
- *Association game.* Учениците даваат *can/can't* искази поврзани со објект, место, географски поим, сè додека еден ученик не го погоди бараниот термин. (На пример: *"I can break it with my hands"* and *"It can float"*.)
- *Role play.* Учениците учествуваат во драматизација кадешто учтиво изразуваат понуда / барање / желба. (На пример: *A: Would you like to come with me to the park after school? B: We can't go to the park today. It's raining. A: I'd like to ask you something. B: Go ahead!*)
- *Choose the right position.* Со примена на ИКТ, учениците правилно ги подредуваат зборовите во речениците (потврдни, одречни и прашални форми) со примена на конструкцијата *be going to* за сите лица во еднина и множина. (На пример: *Drag the words onto the bar in the right order: chess play tonight we to ? are going*.)
- *Countable vs uncountable nouns.* Учениците на интерактивна табла избираат еден од понудените одговори со цел да ја определат бројноста на именката. (На пример: *Money = uncountable*.)
- *Gap filling task.* Учениците правилно ги распределуваат поимите и фразите поврзани со формите за комуникација (*conversation, answer a question, ask a question)* во дадени реченици. (На пример: *We are having a ________________ in the class. The teacher is ________ a question and the students are ____________. )*
- *The travel of your dreams.* Поделени во групи, учениците истражуваат на интернет туристички дестинации и изработуваат рекламен постер за патување/посета на истите со примена на термините за средства за транспорт (*road, underground/tube, traffic, traffic light, aeroplane)* и фразите поврзани со патување (*capital city, famous sites, famous shops, shopping malls, famous museums, tourist, trip). (*На пример: *You can visit our most famous sites and enjoy your holiday.)*
- Примери за читање со разбирање и/или зборување:

  *A: Could you tell me Jamie's phone number, please? I want to text him later.*
  *B: Yes, sure, here it is: 0723 42 17 41.*

*Please, give me your email. What's your phone number? This is my new email address:*

*A: How do I get to the nearest pet shop?*
*B: Turn left here at the traffic lights. Then, go straight ahead down that road until you see a big bookstore at the end. It's over there, right next to it.*
*A: Is it very far from here? Do I need to take the bus?*
*B: No, it isn't that far. Just 10 or 15 minutes. You can walk.*

*A: What time does the bus leave?*
*B: At 10.15.*
*A: Let's hurry up then. We don't have much time.*

*A: Do you order food online?*
*B: Yes, very often.*
*A: And how do you like it? Is ordering food online cheaper?*
*B: I love it. It is a bit more expensive, but it saves time.*

*A: How much are those T-shirts?*
*B: The black ones are 5 euros each. Those red ones over there are more expensive. They cost 7 euros.*
*A: May I try them on?*

*Ottawa is the capital city of Canada. The Himalayas are in Asia. They stretch through northeastern India, Nepal, and Bhutan.*

*A: What is the highest mountain peak in your country?*
*B: It's Mount Korab.*

*There is a children's playground in front of Emily's house.*
*My apartment is in the building block between the city park and the stadium.*
*Their house is opposite the college library. It's an old, two-story mansion.*

*Mozart could play the piano when he was 5.*
*We couldn't open the door. It was locked from the inside!*
*His grandparents were bilingual. They could speak both English and German.*

*In the 1950s people couldn’t play video games, but they could play chess.*

*This mountain range is huge. The views from its top are amazing.*
*Last month I read about the new discovery of an old mummy in Egypt. Some archeologists discovered it in the desert near the Valley of the Kings in Luxor. It is a mummy of some young pharaoh and it’s almost 3000 years old! Now it is in the Cairo Museum. How interesting!*

*Our school is bigger than yours. It has 2000 students.*
*Our city has the oldest library in the country. I think Chemistry is the most difficult subject in school. Even Math is easier than the chemistry experiments.*
*My room is bigger than my brother's room. Our parents' bedroom is the biggest room in the house.*
*There is a flock of birds flying above our roof! Your cat is hiding behind the sofa.*

*I go to the most amazing school in our city! It is situated right next to the city park. It is a tall, white building with many windows and a red roof. In front of it, there are tall trees, and green benches with flowers around them. We usually sit there in spring during our lunch break. Opposite of this nice sitting area, there is a large fountain with a fish pond. Behind the school building, there's a huge playground with a football field and a basketball court. I love my school.*

- *True/False statements.* По прочитаниот адаптиран текст за други култури и земји каде што се зборува англиски јазик, учениците ги класифицираат дадените искази како точни/неточни:
    - *England, Scotland, Wales, Northern Ireland = United Kingdom*
    - *difference between England, Great Britain and the United Kingdom.*
    - *The United States- San Francisco*
    - *Australia - the continent-country!*

*England, Scotland, and Wales are on an island in the north-west of Europe called Great Britain. Great Britain together with Northern Ireland make the United Kingdom or the UK. The UK is the only country in the world with four national football teams! Their flag has a nickname - 'The Union Jack'!*
*England is huge. Its name comes from the past, from the old Germanic tribe and its people - the Angles. About 53 million people live in it and the capital city is London.*
*Scotland is in the north of Britain. Over 5 million people live in Scotland. There are a lot of high mountains and hills, like Ben Nevis, which*

*is 1,345 metres tall. The capital city of Scotland is Edinburgh, but Glasgow is also a very big and important city.*
*Wales is in the west of Britain. About 3 million people live there and about 20% of them speak Welsh. The Welsh flag has a picture of a dragon on it! The capital city of Wales is Cardiff.*
*Northern Ireland is a part of Ireland, an island west of Britain. Nearly 2 million people live there. The Giant's Causeway is a popular tourist attraction. There are huge rocks made by lava from a volcano, but an old story says that a giant built it! The capital of Northern Ireland is Belfast.*
***Are these statements true or false?***
*The UK is England, Scotland, Wales and Northern Ireland. T/F*
*England is the biggest part of the UK. T/F*
*The capital city of England is Angles. T/F*
*More than 53 million people live in Scotland. T/F*
*There's a dinosaur on the Welsh flag. T/F*
*Lots of people visit the Giant's Causeway in Northern Ireland. T/F*
*The UK map is often called the 'Union Jack'. T/F*
*The UK has got four national football teams. T/F*

*San Francisco*
*San Francisco is a large American city on the West Coast in northern California. It is also called by its initials SF, Frisco or San Fran. It lies on a peninsula, which is a piece of land surrounded by water on three sides. San Francisco borders the Pacific Ocean and the San Francisco Bay. Many famous symbols of the United States are in San Francisco, including the famous Golden Gate Bridge and the famous ex-prison on Alcatraz island, known as "The Rock". San Francisco is a city of 50 hills, and this is actually one of the things that 'Frisco' is famous for! There are several famous streets where the roads curve along the hills, including the popular Lombard Street. The coastline is rocky along the bay and the Pacific Ocean. Sometimes we also call San Francisco the 'Foggy City.' Can you guess the type of weather the city has based on this nickname? Thanks to the Pacific Ocean, the temperature in San Francisco does not change much throughout the year. Winters are often rainy and summers can bring cool temperatures and foggy mornings.*

*Australia - the continent-country!*
*Australia is one of the largest countries on Earth, and the only country that covers an entire continent. It is rich in natural resources but the fun fact is that one-third of Australia is a desert!*
*Most Australian cities and farms are in the southwest and southeast, where the climate is mild. The central part of the continent has huge deserts. The northeast of the country has huge rainforests with lush vegetation.*
*Australia's ecosystem is unusual. It has many animal species that live only there and nowhere else on Earth, such as the platypus, kangaroo, echidna, and koala. Australia has 516 national parks for its unique plants and animals.*
*One of Australia's most amazing sites is called* ***Uluru*** *(or Ayers Rock) which is a sacred natural rock that looks like an enormous whale's*

*back! It is 335 metres tall and it's one of the largest rocks in the world!*
*Australia has a warm, sunny climate and lots of open spaces. This is so great because its population loves the outdoors lifestyle. The people are also passionate about sports, including swimming, surfing, sailing, tennis, soccer, cricket, rugby, and their own invention – Australian rules football!)*

- *Mass media's impact.* Учениците гледаат видео запис во која се прикажува една тематика од неколку различни аспекти и дискутираат, со што развиваат свесност за влијанието на медиумите. (На пример: *Media is important. We live in a media world and we should be careful using it.*)
- *Remain safe, prevent and protect*. По изгледан видео запис поврзан со електронска комуникација и нејзиното влијание, учениците заклучуваат како да ги заштитат личните податоци и како безбедно да користат интернет. (На пример:
  ***Be smart online!***
  *If you're a kid who likes to have fun and chat with friends online, here are some tips on how you can stay safe:*
  ***Stick to safe sites.*** *Your parents and teachers can guide you to the best sites for you.*
  ***Guard your passwords.*** *Don't share your passwords with anyone except your parents.*
  ***Be careful what you share.*** *Never tell a stranger where you live or your phone number. Remember that anything you share or post is there forever. Even if you try to delete it. If you don't want your entire class to know or see something, don't share it with anyone online. Not even your best friends.*
  ***Don't be mean to other people online.*** *Just like you, there's a real person on the other side of the laptop or phone who has feelings too.*)

Тема: ***НАША ПЛАНЕТА, НАШЕ ЗДРАВЈЕ, НАША ИДНИНА***
Вкупно часови: **27**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. чита и разбира куси пасуси и дијалози на теми поврзани со планетата и животната средина;
2. учествува во дијалог за да даде сугестија/предлог и/или совет;
3. опишува временски услови и одредени географски поими и појави;
4. прераскажува минати настани/дејства користејќи *Past Simple Tense.*

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>● давање сугестии/предлози за идни активности | ● Дава сугестија/ предлог со примена на фразите *Let's / Shall/ Why don't*.<br>● Одговара на едноставни прашања поврзани со прочитана информација во куса информативна порака поврзана со нашата планета. |

| | |
|---|---|
| ● инструкции и информации поврзани со нашата планета, нејзина заштита и водење на здрав живот<br>● опишување временски услови и нивни карактеристики<br>● претставување себеси и соговорник во дадена ситуација /контекст за општиот добробит на човештвото<br>● давање совет<br>● искажување дејства во минатото (со примена на правилни глаголи)<br>● прераскажување минати случувања/настани | ● Поврзува неколку реченици со вклучени описни придавки за да опише временски услови.<br>● Издвојува клучна информација поврзана со временските услови во прочитан леток/ извадок од блог/списание.<br>● Поврзува неколку реченици во низа за да се претстави себеси и соговорникот.<br>● Формулира реченица за да даде совет за едноставна секојдневна ситуација.<br>● Поврзува неколку реченици во низа по хронолошки редослед за да опише минат настан/дејство/активност со примена на *Past Simple Tense* за сите лица во еднина и во множина.<br>● Пишува кус опис за посетено место/настан/ животна средина користејќи ги усвоените правилни глаголи во *Past Simple Tense* за сите лица во еднина и во множина. |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br>● поими поврзани со биолошкиот/психолошкиот развиток на човекот: *baby, toddler, child, adolescent, teenager, middle-aged, adult, human*<br>● географски поими и појави: *river, lake, sea, ocean, vapour, lightning, rainbow, storm*<br>● временски прилики: *weather, wind, snow, rain, storm*<br>● животна средина: *Earth, grass, plants, seeds, climate, grow, soil, seed, leaf-leaves*<br>● екологија: *effect, smoke, clean, polluted, natural, pollutants, water pollution, weather, chemicals, global warming, ecosystems, atmosphere, fossil fuel, plastic, plant, hole*<br>● описни придавки поврзани со временски услови/ обележја на годишните времиња: *sunny, windy, rainy, cloudy, snowy, foggy* | ● Споредува поими поврзани со биолошкиот/психолошкиот развиток на човекот.<br>● Опишува временски појави и прилики составувајќи едноставни реченици.<br>● Препознава (слухово и текстуално) и набројува лексички единици поврзани со планетата Земја и со животната средина.<br>● Објаснува накусо еколошки последици од одредени човекови дејства.<br>● Користи соодветни придавки за да опише временски услови и карактеристики на годишните времиња. |
| в) Граматички структури:<br>● предлози за време *(after, before, near)*<br>● заповеден начин во потврдна и одречна форма<br>● реченични конструкции со *Let's/Shall/Why don't we*<br>● модални глаголи за искажување совет *(should/shouldn't)*<br>● правилни глаголи за сите лица во еднина и множина во потврдни, одречни и прашални реченици во *Past Simple Tense* | ● Разликува значење на одреден број предлози за време и соодветно ги применува во контекст.<br>● Препознава заповеден начин во слушнато/прочитано упатство.<br>● Препознава фрази за давање сугестии/предлози *(Let's/Shall/Why don't we)* и активно ги користи во усна и писмена комуникација.<br>● Конструира потврдни и одречни реченици со модалниот глагол *should* за да даде едноставен совет.<br>● Препознава наставка за *Past Simple Tense* кај правилни глаголи.<br>● Составува потврдни, одречни и прашални реченици во *Past Simple Tense* за сите лица во еднина и множина употребувајќи правилни глаголи, како и соодветни прилози и прилошки определби. |

| | |
|---|---|
| ● прилози и прилошки фрази за определено време *(yesterday, last week, two days ago)*<br>● прашање со *like (What's the weather like?)* | ● Применува правописни правила при пишување на правилни глаголи во минато време.<br>● Препознава и соодветно одговара на прашање за временските услови. |
| г) Содржини за дискусија:<br>● Заштита на животната средина;<br>● Детски права *(health, water, food, environment).* | ● Составува еколошки пароли користејќи потврдни и одречни реченици во заповеден начин.<br>● Набројува неколку детски права поврзани со здравјето и животната средина. |

**Примери на активности:**

- *Make a suggestion activity.* Учениците подредуваат дадени реченици во форма на дијалог во кој даваат сугестии/предлози за идни активности. (На пример: - *How about going for a walk after classes? - It is a good idea.*
  *Let's call our friend Emi. She is going to be happy.)*
- *Present the guest/speaker/participant.* Учениците претставуваат соговорник во форма на презентација со примена на реченици во низа со усвоените форми од правилните глаголи во *Past Simple Tense* за сите лица во еднина и во множина. (На пример: *This is Mr. Beans. It was a great honour to work with him on this project. He was a very talented mathematician and helped the whole team in the process of production. We needed his ideas and that is what prepared the final project presentation.)*
- *Describe the place/event.* Учениците пишуваат кус опис за посетено место/настан со примена на усвоените правилни глаголи во *Past Simple Tense* за сите лица во еднина и во множина и соодветните прилози и прилошки фрази за определено време. (На пример: *Sam and I travelled to Rome last weekend. Rome is more beautiful than I imagined. The hotel was great too.)*
- *Trip tips.* По прочитаниот леток/ извадок од блог/списание, учениците ја идентификуваат клучната информација поврзана со временските услови во прочитаниот текст и даваат совет за патување во најповолните временски околности и прилики. (На пример: *Winter is a beautiful time in London if you can brave the cold and the wet weather. The days are short, with the sun setting as early as 4 pm, leaving you with little time to see all the attractions. Luckily, there are fewer people in London in winter, allowing you to see the city at leisure without getting the feeling of being rushed. You shouldn't leave your home without an umbrella. And, don't forget to take a sweater with you.*
  *******Tips****: It's cold, wet and gloomy all of winter. Carry plenty of warm clothes and don't forget to pack your umbrella.)*
- *Pantomime game.* Со пантомима, учениците го презентираат терминот поврзан со описот/илустрацијата за биолошкиот/психолошкиот развиток на човекот прикажан на интерактивната табла, а останатите ученици се обидуваат да го

откријат/погодат терминот. (На пример: *It is a baby.  She is an adult.)*

- *Association game.* Учениците преку асоцијација го именуваат терминот поврзан со нашата околина (*Earth, grass, plants, seeds, climate, grow, soil, seed, leaf-leaves),* а останатите ученици се обидуваат да го откријат терминот. (На пример: *It is green. Animals eat it. (grass))*
- *Save the Planet.* Учениците запишуваат кратки пораки/пароли за заштита на планетата Земја со примена на кратки заповеди (во потврдна и одречна форма) и истите ги истакнуваат во училницата, училишниот хол и училишниот двор. (На пример:  *Save water! Don't throw rubbish!*)
- *Counselling.*  По прочитаниот параграф/кус текст, учениците искажуваат совет со примена на модалниот глагол *should / shouldn't.* (На пример: *Today I don't feel quite well. I have a sore throat and I think I have a temperature. - You should go to the doctor.)*
- *Fun geographical facts.* Со примена на ИКТ, учениците истражуваат за определен географски поим/појава и издвојуваат/презентираат интересни факти поврзани со истиот. (На пример: *The longest river in the world, measured from its mouth to its most distant is the Amazon. It is 284 km long.)*
- *Picture (weather) story.* Учениците ги заменуваат симболите од календар за временска прогноза со искази за временските прилики прикажани на илустрации (на интерактивна табла) и ги објаснуваат нивните карактеристики. (На пример: -*What's the weather like?  - Monday ☀ Tuesday ☁ Wednesday  (sunny- It is warm. The weather is nice; cloudy- It is moody and gloomy; rainy- It is wet outside.)*
- *Be the VOICE, not an ECHO.* Во парови или мали групи, учениците составуваат инструкции и информации поврзани со нашата планета, нејзина заштита и водење здрав живот со примена на поими поврзани со екологија (*effect, smoke, clean, polluted, natural, pollutants, water pollution, weather, chemicals, global warming, ecosystems, atmosphere, fossil fuel, plastic, plant, hole).* На пример:

  ***Grow a sunflower - grow your future!***

  *Growing plants is easy and fun. Try growing sunflowers! They grow very tall and have beautiful yellow flowers. With each plant or tree we grow, we are growing our future!*

  1. *Put some soil in a small pot. Make a tiny hole with your finger.*
  2. *Put one seed in the hole. Put soil over the seed. Put the pot by a sunny window.*
  3. *Water it every one or two days with just a little water.*
  4. *Leaves start to grow after one or two weeks.*
  5. *When your sunflower's about 10cm tall, it's ready to put into a bigger pot.*
  6. *Fill a big pot with soil and make a hole. Carefully take the sunflower out of the small pot and put it in the hole. Fill the hole with soil and water it.*
  7. *You can measure your plant every week to see how much it grows! The flower starts to grow after about eight weeks.*
  8. *After the yellow flower turns brown, wait for the seeds to dry.*
  9. *When the seeds are brown, tap them out. You can eat them as a snack or in a salad.*

- Примери за читање со разбирање и/или зборување:

*Shall we go to the cinema after school tomorrow?*
*Are you free this weekend? We can go swimming.*
*Let’s go to the theatre and watch a play. Some funny musical. I am bored to death already!*
*Why don’t we play some video games? How about going for a pizza this afternoon? I am starving!*
*Let’s text her. She is going to be surprised!*

*What shall we have for dinner?*
*Why don’t we go to that new steak house near the park? It’s getting late, and I am really hungry. What do you think, shall we grab a burger? I think we should have something light and healthy. A fruit salad, or some grilled vegetables.*

*A: Shall we organise a birthday party for Ann? Her birthday is next week.*
*B: Why don’t we throw her a huge party? I am thinking of a karaoke show, with loud music, and lots of dancing! We should get her a cake as well!*
*A: Great idea! Sounds like lots of fun! Let’s do that!*

*Save the planet! Save the oceans! Save our future!*
*Don’t pollute the water! Don’t throw rubbish!*
*Ride a bike! Climate change is real!*
*Be eco -friendly! Be a nature -lover! Go green, say no to plastic!*
*Think globally, act locally!*

*Kim: Jamie, what's the matter? Are you sick?*
*Jamie: No, but I just don't feel well. I’ve got a terrible toothache this whole week.*
*Dana: Oh, you should take aspirin then.*
*Jamie: I tried with painkillers, but my tooth still hurts.*
*Kim: Well, Jamie, you shouldn't eat all those sweets from morning to night. What do you expect? I mean, you put on weight and destroy your teeth. You should know better.*
*Jamie: So now I am putting on some weight too?*
*Dana: Kim has a point, Jamie. You shouldn't eat sweets all the time!*
*Jamie: Thanks a lot for your advice, but now you two are giving me a headache too! I am going home!*

*Hi mum,*

*Sorry I am texting you this late. Just wanted to tell you the news! They invited me to Rome for that job interview we talked about! So, I decided to try my luck and come here. Drew and I arrived in Rome last night and I wanted to tell you all about it. We travelled by bus from Paris. Paris is more charming than I imagined. But I stand corrected. You were so right! Rome is even more amazing and more romantic! We booked a room in a tiny hotel on Via Veneto. We unpacked, and then we decided to visit the Colosseum right away. The gladiators lived and died down there, killed by wild animals. So sad… We enjoyed eating pasta in a small restaurant at Piazza Venezia and then we visited the Spanish Steps. We had an amazing day, and everything was so wonderful! Wish me luck with the interview tomorrow!*

*Sending tons of love and kisses,*
*Kira*

*A: Did you go anywhere last weekend?*
*B: Let me think. Actually, yes. I walked to the Old Bazaar with my parents. The weather was warm and sunny so we decided to visit the Museum of North Macedonia.*
*A: Really? That's amazing. So how was it?*
*B: It was quite exciting. The Museum is located in the heart of the Old Bazaar. It is the oldest museum in our country. It was opened back in 1924. It has a rich collection of items. Also, the famous Kurshumli An, a historical monument constructed in the 16th century is part of the museum complex too. I loved it!*

- *Have a Paper-Free Day!* Во мали групи, со примена на ИКТ, учениците истражуваат и изработуваат презентации во форма на постер чија цел е да алармираат заштеда на хартија т.е некористење на хартија која се прикажува во текот на целиот ден како слајдшоу на интерактивната табла и служи да се потсетуваат и поттикнуваат да не користат хартија, со што развиваат свесност за заштита на животната средина. (На пример: *Save paper - save trees- save oxygen! Save paper - save the planet! (Instructions: Can you challenge your class or your school to go an entire day without using any paper? Use the challenge to raise awareness of the amount of paper that gets used and goes to waste every day in your school. Do the children miss the paper? Do they find it hard not to use any?)*
- *Encourage children's rights; don't abuse power.* Учениците се запознаваат со детските права во УДХР (Универзална декларација за детски права) -(право на здравје, чиста вода, чист воздух) и избираат една статија која им се допаѓа (некое право кое се прекршува или се почитува) и креираат банер/ знаме или реклама. Откако се изработени продуктите, се презентираат пред сите и останатите ученици погодуваат за кое човеково право станува збор. (На пример: *All children have the right to breathe. Clean water for everyone! For children to grow up healthy and happy, they need access to clean water, proper sanitation, and good hygiene. Water and sanitation are basic human rights.* (*You can choose one or more rights).*

*Know your rights! Children have a right to:  talk to us about anything; - tell secrets that worry them; - say NO to touching that worries them; - express anger; - trust their feelings; - be taken seriously; - feel good about themselves; - feel safe… (add more children's rights to the list)*

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во шесто одделение по предметот англиски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, читање со разбирање, говорење

(говорна интеракција и продукција) и пишување (писмена интеракција и писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усни одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- вербално и невербално реагирање по слушнат исказ;
- читање и разбирање на искази, куси дијалози и пасуси, куси стихотворби;
- правилно пишување на зборови, едноставни реченици, куси дијалози и пасуси, како и пишување по звучен модел - диктат;
- изработки (постери, илустрации, дневници);
- домашни задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2023/2024 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по *Англиски јазик* за VI одделение.** | бр. 08-3170/9<br>15.3.2023 година<br><br>**Министер за образование и наука**<br>**Doc. d-r Jeton Shaqiri, с.р.**<br><br>______________________________ |